Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 361/2021

Дата: 19-03-2021

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Општина Јегуновце ѝ се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на локален пат во село Орашје, КО Орашје, Општина Јегуновце.** Должината на планскиот опфат изнесува 1.069 км и навлегува во втората заштитна зона на изворот Рашче.
2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y01821** се составен дел на Решението.
3. Условите за планирање на просторот за изградба на локален пат во село Орашје, КО Орашје, Општина Јегуновце, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и **заклучни согледувања со обврзувачка активност** од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.
4. **Предметната локација се наоѓа во втората заштитна зона на изворот Рашче** поради што треба да се почитуваат одредбите пропишани во Одлуката за определување на заштитните зони за заштита на водите за водозафатниот објект извор Рашче, мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитните зони и картографски приказ ("Службен весник на РМ" бр. 3/21).
5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на планската документација потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Општина Јегуновце, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УП 33753, до Агенцијата за планирање на просторот за


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 106 212
www.moepp.gov.mk

издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на локален пат во село Орашје, КО Орашје, Општина Јегуновце.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на локален пат во село Орашје, КО Орашје, Општина Јегуновце и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 361/2021 од 15.03.2021 година.

**Условите за планирање на просторот се издаваат за локален пат во село Орашје, КО Орашје, Општина Јегуновце и претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.**

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка (“Сл. весник на Република Македонија” бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

**М И Н И С Т Е Р**
**Naser Nuredini**

Република Северна Македонија / Министерство за животна средина и просторно планирање / Скопје / Republika e Maqedonisë së Veriut / Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor / Shkup

Изготвил: Дејан Гацовски

Одобрил: Неби Реџепи